Машински факултет
Број 02-1825/1
5.10.2017 год.
Скопје

Врз основа на член 59 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Машинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје – Пречистен текст (Универзитетски гласник број 282/2014), во врска со Барањето поднесено од Студентскиот парламент при МФС, на предлог од Деканот, Деканатската управа на Факултетот, на 20-та редовна седница одржана на 5 октомври 2017 година, ја донесе следнава

# ОДЛУКА
## за организирање вонредени испитни сисии во учебната 2017/2018 година

1. Се организираат вонредни испитни сесии во учебната 2017/2018 година, за сите студенти на прв циклус студии на Машинскиот факултет во Скопје, за полагање на испитите по предметите од зимскиот и летниот семестар од сите студиски години.

2. Вонредните испитни сесии се организираат, заради непречено напредување на студентите во услови на воведување на нови студиски програми од учебната 2017/2018 година, за задоволување на критериумите (условеноста) за запишување на предмети во зимскиот, односно летниот семестар, како и за завршување на студиите на Факултетот.

Испитните термини во вонредните испитни сесии ќе се предвидат само за наставните предмети за кои ќе бидат поднесени пријави за полагање на испитите.

3. Испитните сесии се организираат по правило како ден сесија, односно по потреба и во повеќе денови, во месеците:
- октомври 2017 година, за предметите од летен семестар;
- февруари 2018 година, за предметите од зимски семестар;
- септември 2018 година, за предметите од зимски и од летен семестар.

4. За полагање на испити во вонредните испитни рокови студентите имаат обврска на жиро сметка на Факултетот да уплатат 2000 денари по пријава.

5. Резултатите од изведените испити во вонредните испитни сесии наставниците се должни да ги објават во рок од 24 часа од завршувањето на испитот.

Во наредните 24 часа се обезбедува увид во прегледаниот труд (тетратката од испитот) и добиената оценка.

Обврската за внесувањето на оценките во електронскиот систем и во пријавите за испит, како и доставување на пријавите до Студентската служба, наставниците ќе ја извршат 24 часа по истекот на рокот за увид.

6. Продеканот за наставна дејност на Факултетот со Студентската служба ќе ги организираат и спроведуваат техничките аспекти за реализација на оваа одлука (објавување на термините за полагање, роковите и начинот на пријавување, распоредот на испитите).

7. Одлуката влегува во сила со денот на донесување.

Одлуката да се достави до: продекан за наставна дејност, студентска служба, деканатска управа, општа служба и архивата на Факултетот.

Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Машински факултет - Скопје
Декан

Проф. д-р Дарко Данев